





# ЗЕЛС
## ГЛАСИЛО
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ZELS
## NEWSLETTER
ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

09 • 2009

## ВЛАДАТА НА РМ НА ТЕМАТСКА СЕДНИЦА
### ГИ РАЗГЛЕДУВАШЕ ДОСТАВЕНИТЕ СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ НА ЗЕЛС

## ЗЕЛС ГО ПРОМОВИРАШЕ ПРИРАЧНИКОТ
### „ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ“

## GOVERNMENT OF RM
### CONSIDERS ZELS' SYSTEMATIZED POSITIONS

## ZELS PROMOTES THE HANDBOOK
### “PRACTICAL OPERATIONAL GUIDE FOR COMMITTEES FOR RELATIONS AMONG COMMUNITIES”

Почитувани,

Во месец септември, ЗЕЛС спроведе многу активности од кои се очекуваат големи придобивки за локалните власти во правец на зголемување на финансиската независност на општините и зајакнувањето на општинските административни капацитети. Од големо значење е одржувањето на тематската седница на Владата на РМ, исклучиво посветена на разгледување на доставените од ЗЕЛС, систематизирани ставови. На седницата беа поканети и членовите на УО кои дискутираа за барањата од областа на финансиите, образованието, градежното земјиште, користењето на минералните суровини и други значајни прашања за локалната власт. Владата дефинитивно прифати дека барањето на ЗЕЛС за зголемување на процентот од ДДВ е основано и најави дека зголемувањето ќе се одвива во континуитет до 2012 година . Беа прифатени и доставените предлози на ЗЕЛС за измени во Законот за минералните суровини, кои се однесуваат на распределбата на процентот од приходите од концесиите во корист на општините, односно поделбата да биде 78% за општините, 18% за државата и 4% за рекултивација. Особено е значајно што долгогодишните притисоци на ЗЕЛС за трансфер на градежното земјиште, од централно на локално ниво, дефинитивно почнаа да добиваат колосек на реализација. Специјално формираната Работна група, изготви и достави до Владата предлози со можни алтернативи за разрешување на ова прашање, кое треба да биде преточено во стратегиски документ за извршување на трансферот. Од големо значење, овој месец, е и средбата што потпретседателите на ЗЕЛС ја имаа со министерот за економија, Фатмир Бесими околу завршните консултации за усвојување на Законот за трговски дејности од мал обем, повеќегодишна иницијатива на ЗЕЛС за разрешување на ова прашање, каде данокот од вршење на оваа дејност би претставувал приход за општините, идентично како што е решено со персоналниот данок на доход за вршење на занаетчиска дејност. Во овој месец отпочна и реализација на нов циклус на ,,Форуми во заедницата" со нови 12 општини, а интензивно се спроведуваат и активности за можно институционализирање на оваа форма на учество на граѓаните во локалната влас. Беше промоциран и прирачникот ,,Практичен водич за работата на комисиите за односи меѓу заедниците", со што ЗЕЛС и натаму ја продолжува својата активност на поддршка на овие комисиии во правец на развивање на мултиетничкиот соживот во нашата земја. Во реализацијата на стратегиската цел за јакнење на капацитетите на општините, ЗЕЛС особено внимание посвети на одговорните лица за управување со човечки ресурси во општините. За овие активности на ЗЕЛС како и за многу други ќе можете подетално да се информирате во овој број на септемвриското Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Dear Readers,

ZELS conducted a number of activities in the month of September, which are expected to bring about significant improvements for the local authorities, such as rise in the municipalities' financial independence and strengthening of their administrative capacities. The holding of a thematic session of the Government of the Republic of Macedonia, devoted exclusively to the systematized positions submitted by ZELS, was of great importance. The members of the ZELS Managing Board were invited at the session, to discuss the demands in the sphere of finances, education, construction land, use of mineral raw materials, and other issues of relevance to local governance. The Government definitely accepted ZELS' demand for increase in the VAT percentage allocated to the municipalities as well-grounded, and announced that the increase would be made continuously in the period until 2012. Also accepted were ZELS' proposed amendments to the Law on Mineral Raw Materials, regarding distribution of the share of concession revenues in the municipalities' favour, which should be made as follows: 78 % for the municipalities, 18 % for the State and 4 % for recultivation. It is particularly important that the years-long pressures by ZELS for transfer of the construction land from the central to the local levels have definitely started gaining speed for realization. The Working Group, formed especially for this purpose, prepared and submitted to the Government proposals for possible alternatives for resolution of this issue, which should be incorporated into a strategic document for performing the transfer. Another important meeting this month was the one that ZELS Vice-Presidents had with the Minister of Economy, Fatmir Besimi, regarding the final consultations on the adoption of the Law on Small-Scale Trade Businesses and the long-time initiative of ZELS for resolution of this issue, where the tax for performing these businesses would constitute municipal revenue, identically as has been the case with the personal income tax for the handicrafts. A new cycle of the "Community Forums" Programme started this month, in 12 new municipalities, and activities are being implemented for possible institutionalization of this form of citizens' participation in the local government. The Handbook titled "Practical Operational Guide for the Committees on Relations among the Communities" was also launched this month, with which ZELS continues its activities in support of these committees, with the aim of promoting multiethnic coexistence in the country. In the realization of the strategic goals for strengthening municipal capacities, ZELS has devoted considerable attention to the competent officials for human resources management in the municipalities. On these activities of ZELS, as well as on many others, you can find more details in this, September, issue of the ZELS Newsletter.

Sincerely,

Dusica Perisic
ZELS Executive Director


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
st. Zhenevska p.box, F.P. 32, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Executive Director of ZELS**
Dushica Perishiq

**Deputy Executive Director**
Ardita Dema

**Editorial Board**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Graphic design**
PRINT CENTAR

**Print**
PRINT CENTAR

# ВЛАДАТА НА РМ НА ТЕМАТСКА СЕДНИЦА ГИ РАЗГЛЕДУВАШЕ ДОСТАВЕНИТЕ СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ НА ЗЕЛС

Владата на РМ, на тематска седница, ги разгледуваше доставените од ЗЕЛС систематизирани ставови, односно барања на ЗЕЛС за преземање на одредени мерки, во повеќе области од надлежност на локалните власти, со цел подобрување на процесот на децентрализација во земјата. Членовите на Управниот Одбор на ЗЕЛС беа поканети да присуствуваат на седница на која беа разгледани предлог мерките, предложени од министерствата а врз основа на систематизираните ставови на ЗЕЛС. Непосредно пред самата седница беше поделен документ- збирна информација на Владата во однос на барањата на ЗЕЛС, со поединечни одговори од ресорните министерства кои беа предмет на дискусија на самата седница.

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Меѓу поважните точки за кои се дискутираше се тие во однос на зголемувањата на приходите на општините. Имено од Министерот за финансии беше кажано дека е прифатливо барањето на ЗЕЛС за зголемување на процентот на приходите добиени по основ на ДДВ но не од 3% на 6% туку би се случило среднорочно зголемување за 2010 година **од постоечките 3% на 3.4%, за 2011 година на 3.7% и за 2012 година на 4%.**

Барањето на ЗЕЛС за зголемување на персоналниот данок од доход од 3% на 30% беше одбиено, со образложение дека тоа зголемување би го зголемил јазот помеѓу урбаните и руралните општини, заради формата на распределба на средствата по овој основ.

Околу барањето на ЗЕЛС за исплата на надоместокот за испратнини и надоместок на починат член од семејството беше позитивно одговорено со тоа што истите средства ќе им бидат префрлени само на општините кои се во првата фаза од процесот на децентрализација, но после реакција на У.О на ЗЕЛС да не се запоставаат и општините кои се во втора фаза беше ветено дека ќе се направат напори истите да се обезбедат и за нив.

Во однос на процентот предвиден за рамномерниот регионален развој од најмалку 1% од БДП на Р.М, одговорот од Министерството за финансии беше дека средствата ќе бидат ефектуирани кога органите задолжени за РРР ќе профункционираат и ќе имаат капацитет да предложат издржливи проекти.

Во однос на задолжените општини, Министерството за финансии до крајот на септември ќе излезе со предлог за надминување на состојбите.

Друга новост е дека Методологијата за распределба на ДДВ ќе понуди нови решенија со минимален праг на средства за општините со што ќе се подобри финансиската состојба особено на руралните општини, кои со сегашната методологија добиваат мали износи.

Од овој ресор беше ветено дека при изготвувањето на буџетот за 2010 год, крај на октомври ќе се земат сериозно во предвид можностите за зголемување на средствата на општините по сите основи преточени во барања на ЗЕЛС со цел исполнување на заедничката цел, успешна фискал-

# GOVERNMENT OF RM CONSIDERS ZELS' SYSTEMATIZED POSITIONS

Government of the Republic of Macedonia analyzed, at a thematic session, the systematized positions submitted by ZELS, i.e. ZELS's demands in several areas under local governance competence, with the aim of improving the process of decentralization in the country. The members of the ZELS Managing Board were invited to attend a session at which they considered the draft measures, proposed by the ministries, on the basis of ZELS' systematized positions. Shortly before the session, a document was distributed – a summarized information by the Government regarding ZELS' demands – along with the replies of the competent Ministries that were the subject of the session's discussions.

### MINISTRY OF FINANCE

Among the more important topics discussed were those about the increase in municipal revenues. The Minister of Finance stated that ZELS' demand for increase in the share of revenues obtained as VAT was acceptable, however, not the requested increase from 3 % to 6 %. There should be mid-term increase **from the existing 3 % to 3.4 % in 2010, then, in 2011, to 3.7 % and, eventually, in 2012, to 4 %.**

ZELS' demand for increase in the municipalities' share of the personal income tax from 3 % to 30 % was rejected, with the explanation that this would increase the gap between the urban and rural municipalities as a result of the form of these funds' distribution.

As regards ZELS' request for payment of the indemnity and compensation for death in the family, the response was positive, yet, these funds would be transferred only to the municipalities that are in the first stage of the decentralization process. After the ZELS Managing Board reacted that the municipalities which were currently in the second decentralization stage should not be neglected, efforts were promised to be made to provide the same benefits for them as well.

With regard to the percentage envisaged for balanced regional development of at least 1 % of the GDP of the Republic of Macedonia, the reply by the Finance Ministry was that the funds would be effectuated once the bodies in charge of balanced regional development start functioning and establish capacity to propose sustainable projects.

With regard to the indebted municipalities, the Ministry of Finance will come out with a proposal for overcoming this situation by the end of September.

Another novelty is that the Methodology of VAT distribution will offer new solutions with a minimum threshold of funds for the municipalities, which will improve the financial situation of the rural municipalities in particular, as now, under the current methodology, they receive small amounts.

The Ministry promised that, when preparing the 2010 budget, at the end of October, it would take into serious account the possibilities for increasing the funds allocated to the municipalities on all bases, in line with the ZELS' demands, in order to reach the common goal – successful fiscal decentralization.

**The most important information from this Ministry**

на децентрализација.

**Најважната информација од ова Министерство е дека уште еднаш ќе ја разгледа можноста покачувањето на процентот од ДДВ да биде и поголема од предлог даден на седницата.**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Од страна на Министерството за економија беше информирано дека со новиот предлог закон за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини веќе е ставен во текстот предлогот на ЗЕЛС за зголемување на процентот на приходите за општините по овој основ и тоа 78% за општините, 18% за државата и 4% за рекултивација. За брзо време овој предлог ќе се најде на седница на Влада.

Во однос на истиот предлог закон ќе се разгледа можноста да се прифати барањето на ЗЕЛС инспекцискиот надзор покрај од Државниот инспекторат за техничка инспекција да се дозволи и вклучување на општинските инспекциски органи, со цел спречување на било каква злоупотреба при експлоатација на минералните суровини.

Исто е прифатено и барањето на ЗЕЛС за задолжително консултирање на општините при потпишување на концесиските договори .

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Од Министерството за транспорт и врски информираа дека е во завршна фаза е изготвувањето на Стратегијата за создавање на законски и други услови за пренос на сопственоста на градежно неизградено земјиште на општините. Овој документ ќе даде насоки за конкретни измени во Законот за градежното земјиште, кои претставуваат перманентно барање на ЗЕЛС, а по кои ЕЛС имаат поддршка и од меѓународните институции.

Околу зголемувањето на средствата наменети за општините од Фондот за патишта, барањето беше одбиено со образложение дека со кредитите од ЕБРД и Светската банка ќе се покријат потребите, и дека таквото зголемување е терет за буџетот на Р.М.

Од Министерството за транспорт и врски информираа дека е во завршна фаза Законот за легализација на дивоградбите и дека истиот за брзо време ќе биде разгледан и усвоен од Владата на Р.М. Притоа забелешките и предлозите на ЗЕЛС ќе бидат земени во предвид.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО**

ЗЕЛС при повеќе средби реализирани со Владата на Р.М како и при постојана писмена комуникација постави барање за изменување и дополнување на одредени Закони и подзаконски акти од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството. Како една од позначајните е да се овозможи правото на општините да поседуваат земјоделско земјиште, пасишта и шуми со цел стимулирање на руралниот развој. На ова барање имаше негативен одговор, но се остави можност министерството да ја преиспита можноста и во рок од 30 дена да ја извести Владата за тоа.

Околу барањето на ЗЕЛС за можноста средствата кои се прибираат при пренамена на земјоделското во градежно земјиште, да се пренесат во корист на општините, беше кажено дека постои таква можност но секоја ЕЛС треба поединечно да достави барања до Владата за оваа намена.

Во тек е изготвување на Закон за комасација кој ќе го третира проблемот со фрагментирањето на обработливото земјоделско земјиште.

Позитивно беше одговорено на барањето на ЗЕЛС за вклучување на претставници на ЗЕЛС во работните групи и комисии од овој ресор, особено при распре-

**is that they would consider once again the possibility to increase the VAT percentage allocated to the municipalities, so that it could be even higher than initially proposed.**

**MINISTRY OF ECONOMY**

The Ministry of Economy informed that it had already included, in the new Draft Law on Amending and Supplementing the Law on Mineral Raw Materials, ZELS' proposal to increase the percentage of municipal revenues collected on this basis, at the following ratio: 78 % for the municipalities, 18 % for the State and 4 % for re-cultivation. The proposal will be discussed at one of the Government's sessions very soon.

With regard to the same draft law, the possibility will be considered to accept ZELS' request that municipal inspection authorities be included in the supervision along with the State Inspectorate for Technical Inspection, in order to prevent any abuse in the exploitation of mineral raw materials. Also accepted was ZELS' request for compulsory consultations with the municipalities when signing concession agreements.

**MINISTRY OF TRANSPORT AND COMMUNICATIONS**

The Ministry of Transport and Communications informed that the preparation of the Strategy for creating legal and other conditions for transfer of the ownership of vacant construction land to the municipalities was in its final stage. This document will provide directions for concrete amendments to the Law on Construction Land, which has been among ZELS' con-

делбата на земјоделското земјиште.

Министерството за земјоделие до сите општини ќе достави податоци за издаденото земјоделско земјиште.

Околу распределбата на средствата кои се прибираат од закупнината и концесијата на земјоделско земјиште во соодност 20%/80% на сметка на општините ќе се разгледа можноста позитивно да се реши.

До крајот на септември се предвидени и измени во Законот за пасиштата со што постои можност за средства од доделена концесија за пасишта.

### МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

На барањето покрај со училишните објекти општините да бидат сопственици и на земјиштето беше кажано дека тоа треба да се регулира со измените на законот за градежно земјиште.

Проблемот со несоодветниот кадар за англиски јазик и информатика како и вработувањето на соодветен кадар за одржување на компјутерите по училиштата останува да се види со планирањето на буџетот, бидејќи ова би имало значителни фискални импликации. Зголемување на блок дотациите за основно и средно образовани не може да се очекува со образложение дека општините треба да почнат рационално да ги трошат средствата за одржување на училиштата и ги санираат објектите со цел заштеда на електрична енергија.

Министерството и Владата уште еднаш ќе ги разгледаат можните решенија за обезбедување на кадар

stant demands and the local governance units have enjoyed the support from the international institutions as well in this regard.

As regards increase in the funds allocated by the Roads Fund to the municipalities, the request was rejected with the explanation that the EBRD and the World Bank loans would cover the needs and that such an increase would be a burden to the budget of the Republic of Macedonia.

The representatives of the Ministry of Transport and Communications informed that the Law on Legalizing Illegally Built Buildings was in its final stage and that the same would be considered and adopted by the Government of the Republic of Macedonia very soon, taking ZELS' remarks and proposals into account.

### MINISTRY OF AGRICULTURE, FORESTRY AND WATER RESOURCES MANAGEMENT

During the several meetings held with the Government of the Republic of Macedonia, and in its continuing correspondence with the latter, ZELS had placed the request for amending and supplementing certain laws and bylaws in the sphere of agriculture, forestry and water resource management. One of the more important amendments requested is to grant the municipalities a right to own arable land, pastures and forests, with the aim of stimulating rural development. This request received a negative reply, but some room was left for the Ministry to reconsider the possibilities and advise the Government about its decision within 30 days at the latest.

As regards ZELS' request about the possibility to transfer the funds collected on the basis of the conversion of arable into construction land in the municipalities' benefit, it was stated that such a possibility did exist, but each local governance unit should submit its application to the Government individually.

A Law on Land Consolidation was under preparation, to treat the issue of fragmentation of arable agricultural land.

The request by ZELS to include ZELS representatives in the working groups and committees in this sector, particularly in the distribution of agricultural land, received a positive reply.

The Ministry of Agriculture will send data about the leased agricultural land to all the municipalities.

As regards the distribution of funds that are collected as rents and concessions on agricultural land at a 20 % : 80 % ratio at the municipalities' detriment, the option to resolve this in a positive way will be considered.

Amendments to the Law on Pastures are envisaged by the end of September, which leaves a possibility to obtain funds from the granted concessions on pastures.

### MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE

The reply to the request that, in addition to the school facilities, the municipalities also own the land on which they are built, was that this should be regulated by the amendments to the Law on Construction Land.

The problem of inadequate teaching staff for English language and IT, as well as the employment of competent staff for maintaining the computers in the schools, remains to be resolved depending on the budget planning, because this would have significant fiscal implications. An increase in the bloc subsidies for primary and secondary education cannot be expected due to the fact that the municipalities should start spending the funds for school maintenance rationally and restore the facilities so as to save electricity.

The Ministry and the Government will consider once again the possible solutions for hiring staff that can take care of the IT equipment in the schools.

кој би се грижел за ИТ опремата во училиштата.

Во однос на барањето на ЗЕЛС за одредување на контакт лице од МОН на кое претставниците од општините ќе може да му се обратат за проблемите што ги имаат во образованието, беше укажано дека е одредена Даниела Драговска и дека во рамките на МОН постои и посебна канцеларија за ЗЕЛС, односно за општините

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА**

Ќе се формира стручно тело кое ќе работи на изнаоѓање на соодветни решенија за решавање на имотно –правните односи на локалните установи од областа на културата кои се планираат да се децентрализираат.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

На барањето од ЗЕЛС на градоначалниците да им се гарантира правото за стекнување на дипломатски или пасоши, негативно беше одговорено и тоа со образложение дека има тенденција на намалување на издавањето на дипломатските пасоши како резултат на визната либерализација но дека ќе се размисли за издавање на службени пасоши со што би се олеснила меѓународната соработка.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Околу процентот на наплата на таксата за заштита на животната средина формирана е Комисија за распределба на средствата и во наредниов период ќе следи реализација на пренесот на средствата по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива. Исто беше покренато и прашање дали и коксот може да се третира по овој основ, за што ќе следи информација од Министерството.

As regards ZELS' demand for appointing a contact person in the Ministry of Education and Science whom the municipal representatives could address about the problems they have in the sphere of education, it was stated that Ms. Daniela Dragovska had been appointed as the contact person and that, within the Ministry of Education and Science, there is a special office for relations with ZELS, i.e. the municipalities.

**MINISTRY OF CULTURE**

An expert body will be formed to work on finding appropriate solutions to the property and legal relations of the local institutions in the sphere of culture, which are to be decentralized.

**MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

The Ministry's response to ZELS' request for guaranteeing the mayors the right to obtain diplomatic and service passports was negative, with the explanation that there is a tendency for reducing the issuance of diplomatic and service passports as a result of the visa liberalization. Yet, it was stated that the Ministry would consider the possibility of issuing service passports, which would make international cooperation easier.

**MINISTRY OF ENVIRONMENT**

As regards the municipalities' share from the collected tax on environmental protection, a Committee on Distribution of Funds has been formed and the transfer of funds on the basis of compensation for fossil fuel energy production will follow in the forthcoming period. Also raised was the issue of whether coke could be treated on this basis, for which the Ministry will provide information subsequently.

# ПОГОЛЕМ ПРОЦЕНТ ЗА ОПШТИНИТЕ ОД КОНЦЕСИИТЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

На 27 август, 2009 во Владата на РМ, во присуство на претставници од ЗЕЛС, министерот за економија на РМ и директорот на Управата за јавни приходи на РМ се одржа средба на која беа разгледувани одредени актуелни барања на ЗЕЛС. Еден од клучните прашања за кои се разговараше на средбата, беше проблемот со наплатата и висината на средствата наменети за општините по основ на концесии за рудни богатства и концесии на минерални суровини. Поточно, министерот за економија информираше за измените и дополнувањата на Законот за минералните суровини, кој е во Владина процедура и кој по добивањето на мислење од останатите ресорни министерства и од општините, ќе биде доставен во Собраниска процедура најдоцна до средината на септември. Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини ЗЕЛС го достави до сите општини да дадат свои забелешки и коментари. На дискусијата беше укажа-

# MUNICIPALITIES NEED GREATER PERCENTAGE FROM THE CONCESSIONS ON MINERAL RAW MATERIALS

On 27 August 2009, in the premises of the Government of the Republic of Macedonia, a meeting was held in the presence of ZELS representatives, the Minister of Economy and the Director of the Public Revenue Office, to look into ZELS' current demands. One of the key issues discussed at the meeting was collection and the amount of funds allocated to the municipalities from the concessions collected for exploitation of mineral resources and mineral raw materials. On this occasion, the Minister of Economy informed about the amendments and supplements to the Law on Mineral Raw Materials, which has entered the government procedure and will be submitted to the Parliament by mid September at the latest, after the opinions of the remaining competent ministries and the municipalities are obtained. ZELS had submitted the Draft Law on Amending and Supplementing the Law on Mineral Raw Materials to all the municipalities, in order to obtain their remarks and commentaries. In the discussion, it was

но дека со изменувањата и дополнувањата на Кривичниот законик, противправната експлоатација на минералните суровини добива статус на кривично дело, наместо како досегашното третирање на прекршок, со што суштински се менува постапувањето по евидентираните злоупотреби односо диви ископувања и експлоатација. ЗЕЛС побара зголемување на процентот на распределба на средствата од концесиите во соодност 80 – 20% во корист на општините. Укажано беше дека оваа распределба е прифатлива за министерството со тоа што максимумот кој може да биде утврден како приход за општините е 76%, бидејќи 4% потребно е да бидат издвоени по основ рекултивација и 20% како приход за државата. Присутните градоначалници ги посочија специфичните проблеми со кои се соочуваат, а кои всушност претставуваат проблеми и на сите општини кои имаат концесионери на рудни и минерални суровини. Го изнесоа проблемот со амортизација на патиштата кои концесионерите ги користат како сервисна инфраструктура а чие одржување и реконструкција е целосно на товар на општините, во услови кога средствата од Фондот за патишта драстично се намалуваат. Градоначалниците укажаа и на состојбите со неактивни концесии, односно склучени договори кои не се реализираат и беше побарано во евиденцијата што ќе ја изготвува министерството да се наведе кои концесии се активни, а кои не се во функција. Беше побарано Министеството за економија да ги забрза постапките со доделување на нови концесии, бидејќи имало примери каде периодот од објавата на огласот до склучувањето на договорот бил подолг и од шест месеци. Министерот укажа дека согласно законското решение каде задолжително се бара согласност од соодветната општина, има случаи кога во тек на постапката општините даваат негативно мислење што резултира со прекинување на постапката и неодговорен однос кон инвеститорите. Заради ажурна контрола и инспекциски надзор, беше побарано со предлог измените и дополнувањата на Законот да се децентрализира оваа надлежност на општините. Ова решение беше неприфатливо за министерството заради проценката дека истото нема да предизвика промена на состојбите. Беше заклучено дека Министертвото за економија во најкраток рок ќе изготви список на концесионери по општини со кој ќе го опфати рокот на важност на склучениот договор, состојбата со наплатата и статустот со активноста на концесијата. Со оглед на јавниот карактер на договорите за концесија, истите ќе бидат објавени на интернет страницата на Министерството за економија. Заклучено беше, со измените на Законот особено да се утврди распределбата на средствата од концесиите да биде во соодност 20 – 80% во корист на општините. Исто така беше нагласено дека треба да се утврдат конкретни механизми и да се пропише постапката на одземање на концесијата во случај на неостварување на обврските од договорот, неплаќање или постапување на случај на незаконско експлоатирање на добрата. Договорено беше комуникацијата да продолжи и да се одржи следен состанок во проширен состав и со претставници од Министерството за земјоделство и Министерството за внатрешни работи.

pointed out that, by amending and supplementing the Criminal Code, the illegal exploitation of mineral raw materials would receive the status of a criminal act, unlike now, when it is treated as an offence, which substantially changes the procedure that follows the registered abuse, i.e. illegal excavation and exploitation. ZELS requested increase in the percentage allocated to the municipalities from the funds collected as concessions, at an 80% - 20% ratio in the municipalities' favour. It was pointed out that this distribution was acceptable to the Ministry, but the maximum that could be established as municipal revenue was 76 %, because 4 % should be allocated for re-cultivation, and 20 % should be allocated as state revenue. The mayors attending indicated the specific problems they were facing, which were actually common for all the municipalities that have concessionaires of ores and mineral raw materials on their territories. They also presented the problem of amortization of the roads that the concessionaires were using as service infrastructure, while their maintenance and reconstruction was financed solely by the municipalities, in conditions where the funds from the Roads' Fund had been drastically reduced. The mayors also raised the issue of inactive concessions, i.e. concluded agreements that were not being carried out, and it was requested that the Ministry state which concessions are active and which are not in the report that it is due to prepare. It was also requested that the Ministry of Economy should speed up the procedures for granting new concessions, because there were examples where the period from the announcement of the tender until the conclusion of the agreement was even longer than six months. The Minister stressed that, in line with the legal regulation which stipulated that consent from the concerned municipality was compulsory, there were cases where the municipalities would issue negative opinion in the middle of the procedure, which resulted in interruption of the procedure and created a negative impression with the investors. For the purpose of having an updated control and insight into the matter, it was requested that this competence should be decentralized, i.e. transferred to the municipalities, by way of the draft amendments and supplements to the Law. This proposed solution was unacceptable for the Ministry, because of its assessment that the same would not lead to any change in the situation. It was concluded that the Ministry of Economy would prepare a list of concessionaires as soon as possible, for each of the municipalities in particular, also specifying the validity period of the concluded agreements, the status of payment and the activity status of the concessions. Considering the public character of the concession agreements, the same will be announced on the website of the Ministry of Economy. It was concluded that the amendments to the Law should establish particularly that the distribution of funds from concessions should be at a 20 % - 80 % ratio in the municipalities' favour. It was also stressed that concrete mechanisms should be established and a procedure prescribed for taking away the concessions in case the contractual obligations are not met, or in cases of failure to do the payment or illegal exploitation of the resources. Also, it was agreed that the communication should continue and another meeting should be held in an extended format, with representatives from the Ministry of Agriculture and the Ministry of Interior.




# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО И ВО ПОДГОТОВКАТА НА ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ

На 25 септември, во Скопје се одржа свеченост на која дванаесет општини потпишаа договори за реализација на третата фаза од спроведувањето на Програмата „Форуми во заедницата". Во овој круг од Програмата ќе се одвиваат 10 форуми во 12 општини, при што ќе бидат спроведени три типа на форуми и тоа : форуми во заедницата, буџетски форуми и меѓуопштински форуми..

Во општините Берово, Дебар и Струмица ќе се спроведуваат буџетските форуми, во општините Радовиш-Конче и Могила-Новаци ќе се спроведуваат меѓуопштинските форуми, а во Боговиње, Крушево, Гостивар, Аеродром и Македонски Брод ќе се спроведуваат форуми во заедниците. Програмата на Форумите во заедницата финансиски е подржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), а во имплементацијата се вклучени невладините организации ЦИРА, ФИООМ, АЛКА и АДИ. Целта на оваа програма е поддршка на граѓанското учество во донесувањето на одлуки на локално ниво и зголемување на транспарентноста и отчетноста на општините. Вкупниот буџет за тековниот циклус изнесува 64 милиони денари, од кои 1,75 милиони денари се учество на општините, а 46,5 милиони денари донација од СДЦ.

На свеченоста на потпишувањето на договорите со општините за реализација на овој Проект, потпретседателот на ЗЕЛС, Изет Меџити градоначалник на Општина Чаир изрази задоволство што СДЦ ја продолжува подршката на општините за развивање на можностите граѓаните сами да решаваат за приоритетните потфати во општината. Тој истакна дека неговото сопствено досегашно искуство со спроведувањето на форумите во неговата општина дало одлични резултати, а сигурен е дека истото го почувствувале и другите општини на што укажува и фактот на големата заинтересираност на општините при пријавувањето за третата фаза. Како потврда за прифаќањето на форумите, Меџити истакна дека ЗЕЛС интензивно работи на изнаоѓањето на решение за институционализација на форумите. Неколкуте анализи направени во општините покажуваат дека тие се волни да изнајдат и нови форми на поддржување на партиципативниот развој на заедниците на локално ниво, се разбира покрај тие што се предвидени со постоечката позитивна законска регулатива. Форумот како платформа за развој цели кон давање можност на граѓаните да го подобрат сопствениот живот, со сопствени идеи и учество но и истовремено администрацијата да развие партиципативно и одговорно локално владеење на кое ќе му се верува.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, се заблагодира од името на сите општини кои добија можност да го спроведат овој проект и во своите локални средини. На присутните им се обрати и Татјана фон Штајгер Вебер, директорка на СДЦ, која потенцираше дека ЗЕЛС претставува важен партнер на СДЦ во помошта што таа и ја дава на нашата земја во развојот на децентрализацијата.Укажа дека форумите претставуваат еден од важните начини на вклучување на граѓаните во донесувањето на одлуките што се од заедничко локално значење. Особено го потенцираше значењето на форумот при донесувањето на општинскиот буџет, укажувајќи дека нема голем број на земји во европа каде граѓаните имаат можност да даваат идеи и да и помогнат на општината во донесувањето на одлуки при насочувањето на средствата во значајни локални инвестициони зафати. Жарко Ципунов, извршен директор на АЛКА пак, го изрази задоволството што оваа пракса на развивање на граѓанското партнерство има можност и понатаму да се развива со подршка на СДЦ и учество на општините. Изрази задоволство и за укажната довреба, овие невладини организации да продолжат со имплементирањето на оваа програма, која се надева дека ќе добие што поскоро и институционална рамка.



# CITIZEN PARTICIPATION IN THE PREPARATION OF MUNICIPAL BUDGETS

On 25 September 2009, a ceremony was held in Skopje, at which twelve municipalities signed agreements for realization of the third phase of the "Community Forums" Programme. In this phase of the Programme, there will be ten forums in 12 municipalities, of the following three kinds: forums in the community, budget forums and inter-municipal forums.

Budget forums will be held in the municipalities of Berovo, Debar and Strumica; the forums to be held in the municipalities of Radovis-Konce and Mogila-Novaci will be inter-municipal, while Bogovinje, Krusevo, Gostivar, Aerodrom and Makedonski Brod will host community forums. The Community Forums Programme is financially supported by the Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), and its implementation involves the NGOs CIRA, FIOOM, ALKA and ADI. The goal of this Programme is to support citizen participation in the decision making at the local level and increase in the municipalities' transparency and accountability. The total budget of the current cycle of the Programme is 64 million MKD, of which 1.75 million are municipal participation, and 46.5 million MKD are donated by SDC.

At the ceremony of signing the agreements with the municipalities for the realization of this Project, ZELS Vice-President Izet Mexhiti, Mayor of Cair Municipality, expressed pleasure that the SDC was continuing its support to the municipalities for the development of opportunities where the citizens could decide themselves about the priority projects in the municipality. He underlined that his own previous experience from conducting the forums in his municipality had shown excellent results, and he was convinced that the other municipalities had felt the same benefits, which could be seen from the fact that there was great interest among the municipalities to apply for the third phase. Mexhiti pointed out, as proof of the acceptance of the forums, that ZELS had been working intensely on finding a solution for the forums' institutionalization, as was the case in some neighbouring countries. Several analyses conducted in the municipalities show that the latter are willing to find new forms of supporting participatory development of the communities at the local level, certainly, in addition to those that have been envisaged by the existing positive legal regulations. The Forum, as a platform for development, aims at offering an opportunity to the citizens to improve their own lives, through their own ideas and participation, as well as a chance for the administration to develop participatory and responsible local governance that will be trusted.

The Mayor of Aerodrom Municipality, Ivica Konevski, expressed gratitude, on behalf of all the municipalities that had had an opportunity to conduct this project in their local environments. The SDC Director, Ms. Tatjana von Steiger Weber, addressed the present and stressed that ZELS was an important partner of SDC in extending assistance to the country for development of decentralization. She pointed out that the forums constituted one of the important ways of citizen inclusion in the decision making of common local importance. She stressed in particular the significance of the forums in adopting the municipal budget, pointing out that there were not many countries in Europe where the citizens had an opportunity to give ideas and help their municipalities in making the decisions regarding the allocation of funds to important local investment ventures.

Zharko Djipunov, ALKA Executive Director, expressed pleasure with the fact that this practice of developing citizen partnership had an opportunity to develop further with the support from the SDC and the participation of the municipalities. He also expressed pleasure with the confidence extended to them, so that these NGOs could continue with the implementation of this Programme, which is expected to receive an institutional framework as soon as possible.



# ОТВОРЕНИ МОЖНОСТИ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ВЗАЕМНИТЕ АКТИВНОСТИ МЕЃУ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ

Претставници од ЗЕЛС, предводени од градоначалникот на Општина Дебар, Аргетим Фида, на 16 септември, 2009 година, во просториите на ЗЕЛС имаа средба со вршител на должност Амбасадор на Република Франција во Република Македонија, г-ѓа Изабел Гинел и гостите од регионалниот совет на францускиот Регион Долна Нормандија, неколкуте градоначалници и членови на општински совети и истакнати претставници на културни организации и комисии од областа на културата од овој регион. Г-ѓа Изабел Гинел истакна големо задоволство од развивањето на соработката на општините од регионот Долна Нормандија со претставниците на локалната власт од Македонија. Се дикутираше за организацијата на локалната самоуправа во овие две земји и за развивањето на можностите за пренесување на искуства и друга помош што овој регион може да им го понуди на нашите општини. Во рамките на оваа посета беше организирана дебата за збратимување на градови заедно со претставници на 12 македонски општини во организација на коалицијата на младински организации „СЕГА", а претставничките од Општина Иф од Франција, престојуваа два дена во Општина Дебар по возвратна покана на градоначалникот Аргетим Фида. По оваа посета се очекува продлабочување на соработката меѓу овие две општини на теми: млади, образование, активно граѓанство и потпишување на Меморандум за соработка , на 20 октомври во Каен, Франција, кога е предвидено и отпишување на Спогодба за соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија ( Министерство за локална самоуправа).

Како подготовка за овој настан и проектирањето на нови активности за следната година, на 17 и 18 септември, во Охрид, сите партнери од Проектот за децентрализирана соработка Долна Нормандија-Македонија одржаа годишна средба. Меѓу другото беше изнесено дека овој Проект чија главна цел е приближување на овие две територии, нивно отворање кон светот преку активности за јакнење на локалната самоуправа се предвидува по завршувањето на неговата првата фаза, во октомври 2010 година, да продолжи и понатаму до 2012 година.

# OPPORTUNITIES CREATED FOR EXPANDING JOINT ACTIVITIES OF LOWER NORMANDY AND MACEDONIAN MUNICIPALITIES

On 16 September 2006, in the ZELS Premises, ZELS representatives, headed by the Mayor of Debar Municipality, Argetim Fida, held a meeting with the Chargée d'Affaires of the Embassy of the Republic of France to the Republic of Macedonia, Ms. Isabelle Guisnel, and guests from the Regional Council of the French region of Lower Normandy, several mayors and members of municipal administration, as well as renowned representatives of cultural organizations and committees in the sphere of culture from this region. Ms. Isabelle Guisnel expressed her great pleasure with the development of cooperation between the municipalities of the region of Lower Normandy and the local governance representatives in Macedonia. They discussed the organization of local governance in these two countries and the development of opportunities for sharing experiences and other assistance which this region can offer to our municipalities. As part of this visit, a debate was organized on towns' twinning, with representatives of 12 Macedonian municipalities, organized by the "SEGA" coalition of youth organizations. Also, the representatives of the Ifs Municipality in France paid a two-day return visit to Debar Municipality on the invitation of Mayor Argetim Fida. After this visit, the cooperation between these two municipalities is expected to expand, particularly in the areas of youth, education, active citizenship and signing of a Memorandum of Understanding, on 20 October 2009 in Caen, France, when the signing of a Memorandum of Understanding between the Region of Lower Normandy and the Republic of Macedonia (Ministry of Local Self-Government) is expected to take place.

With the aim of making preparations for this event and projecting the activities for the next year, all the partners to the Project for Decentralized Cooperation of Lower Normandy and Macedonia held an annual meeting in Ohrid on 17 and 18 September 2009. On this occasion, it was stressed that the project, the main goal of which is to bring these two territories closer together and ensure their opening to the world through activities for strengthening local governance, was expected to continue until 2012, after the completion of its first phase in October 2010.

# ЗЕЛС ГО ПРОМОВИРАШЕ ПРИРАЧНИКОТ

## „ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ“



ЗЕЛС, на 24 септември, 2009 година, во хотелот,,Холидеј Ин"во Скопје, организира Конференција на која го промовираше прирачникот ,,Практичен водич за работа на комисиите за односи меѓу заедниците". Со оваа публикација во издание на ЗЕЛС, се промовира постоењето и работењето на комисиите за односи меѓу заедниците кои претставуваат значајна алатка, механизам на развивање на мултикултурализмот, развивањето на социјалниот дијалог и консензуалната демократија,доближувањето на различните етнички интереси и намалувањето на евентуалните тензии во локалните заедници. Во прирачникот се опфатени и постапките за формирањето на комисиите, дадени се препораки за нивното работење, остварувањето на меѓусебната соработка и соработката што тие треба да ја имаат со Советот на општината, градоначалникот и сите ентитети кои живеат во општината.

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, во својот говор на Конференцијата, истакна дека комисиите претставуваат вистински двигател на демократскиот развој и на демократските односи во земјата, показател за степенот на остварување на охридскиот договор и воспоставувањето на соживот меѓу граѓаните од земјава, независно од нивната етничка припадност. Тој укажа дека формираните комисии се потврда за високото ниво на свесност кај локалните власти дека непречена реализација може да имаат само одлуките кои се донесени со консензус од сите членови на етничките заедници во општината. Во неговиот говор беа потенцирани сите досегашни активности на ЗЕЛС, во поттикнувањето на општините да формираат вакви комисии, помошта дадена при самото нивно непосредно формирање, спроведените обуки на секретарите и претседателите на општинските совети како тие најбрзо и најефикасно да го поттикнат формирањето на комисиите. Една од поважните активности на ЗЕЛС во оваа област е и издавањето на овој прирачник, кој меѓу другото има за цел да им ја олесни работата на членовите на овие комисии. На крајот претседателот Трајановски испрати порака до градоначалниците и претседателите на советите да не да ги кочат активностите на овие комисии, туку напротив да ги поттикнуваат и помагаат.

Честитки за промоцијата на прирачникот и охрабрување за успешно спроведување на активностите на ЗЕЛС на ова поле, на Конференцијата истакна и претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците на Собранието на Р.Македонија, Џеват Адеми. Тој нагласи дека спроведувањето на законските одредби, не со казнени и други мерки, туку како резултат на заедничка волја, дијалог и доверба меѓу граѓаните, претставува највисок дострел за едно општество кое се претставува како демократско и мултиетничко. Упати пофални зборови за досегашните активности на ЗЕЛС во неговата неспорна улага во потикнувањето на соработката меѓу заедниците, укажувајќи дека тоа се наметнува како практична потреба, а не за да се задоволат одредени стандарди на земјата за влез во Европската Унија.

Претставникот од Швајцарската агенција за развој и соработка ( СДЦ), Ибрахим Мехмети, потенцираше дека ваквите настани, на кои ЗЕЛС ги претставува резултатите од своите активности, претставуваат големо оправдување за довербата и подршката што СДЦ долги години и ја дава на Асоцијацијата. Тој нагласи дека СДЦ ја поддржува ЗЕЛС во голем број активности, при што го истакна обезбедувањето на опремата за симултан превод за 29 општини, што обезбеди полесно комуницирање на етничките заедници и истовремено придонесе за поефикасно работење на општинските совети.






Согласно Законот за локална самоуправа, во член 55, формирањето на Комисии за односи меѓу заедниците е обврска на единиците за локална самоуправа, според кој во општините каде има најмалку 20% од вкупниот број на жители припадници на определена заедница се формира Комисија за односи меѓу заедниците, која ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината. Оваа одредба, на локално ниво се спроведува со Статут на општината во кој се утврдува начинот на избор на членовите и се прецизираат прашањата кои ќе ги разгледува комисијата, а нејзините предлози, Советот на општината е должен да ги разгледа и да одлучува по истите. Комисиите придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи и мултиетничката демократија во нашата земја. Ваква законска обврска имаат 20 општини во Р.Македонија, Брвеница, Вранештица, Дебар, Долнени, Зелениково, Јегуновце, Кичево, Крушево, Куманово, Маврово-Ростуше, Петровец, Сопиште, Струга, Тетово, Чашка, Чучер Сандево, Град Скопје, Бутел, Чаир и Шуто Оризари и досега во сите нив овие комисии се формирани.

| Бр | ОПШТИНА | ЕТНИЧКА СТРУКТУРА |
|---|---|---|
| 1 | Брвеница | Македонци, Албанци, Срби |
| 2 | Вранештица | Македонци, Албанци, Турци |
| 3 | Дебар | Македонци, Албанци, Турци, Роми |
| 4 | Долнени | Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци |
| 5 | Зелениково | Македонци, Албанци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 6 | Јегуновце | Македонци, Албанци, Срби, Роми |
| 7 | Кичево | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби |
| 8 | Крушево | Македонци, Албанци, Турци, Власи, Бошњаци |
| 9 | Куманово | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби |
| 10 | Маврово и Ростуше | Македонци, Албанци, Турци |
| 11 | Петровец | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 12 | Сопиште | Македонци, Албанци, Турци |
| 13 | Струга | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 14 | Тетово | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 15 | Чашка | Македонци, Албанци, Турци, Срби, Бошњаци |
| 16 | Чучер Сандево | Македонци, Албанци, Срби |
| 17 | Скопје | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 18 | Бутел | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 19 | Чаир | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 20 | Шуто Оризари | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |






| No | MUNICIPALITY | ETHNIC COMPOSITION |
|---|---|---|
| 1 | Brvenica | Macedonians, Albanians, Serbs |
| 2 | Vranestica | Macedonians, Albanians, Turks |
| 3 | Debar | Macedonians, Albanians, Turks, Roma |
| 4 | Dolneni | Macedonians, Albanians, Turks, Bosniaks |
| 5 | Zelenikovo | Macedonians, Albanians, Roma, Serbs, Bosniaks |
| 6 | Jegunovce | Macedonians, Albanians, Serbs, Roma |
| 7 | Kicevo | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Vlachs, Serbs |
| 8 | Krusevo | Macedonians, Albanians, Turks, Vlachs, Bosniaks |
| 9 | Kumanovo | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Vlachs, Serbs |
| 10 | Mavrovo and Rostuse | Macedonians, Albanians, Turks |
| 11 | Petrovec | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Serbs, Bosniaks |
| 12 | Sopiste | Macedonians, Albanians, Turks |
| 13 | Struga | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Serbs, Bosniaks |
| 14 | Tetovo | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Serbs, Bosniaks |
| 15 | Caska | Macedonians, Albanians, Turks, Serbs, Bosniaks |
| 16 | Cucer Sandevo | Macedonians, Albanians, Serbs |
| 17 | Skopje | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Vlachs, Serbs, Bosniaks |
| 18 | Butel | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Vlachs, Serbs, Bosniaks |
| 19 | Cair | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Vlachs, Serbs, Bosniaks |
| 20 | Suto Orizari | Macedonians, Albanians, Turks, Roma, Serbs, Bosniaks |

In line with the Law on Local Self-Government, Article 55, the formation of Committees on Relations Among the Communities is an obligation of the local governance units, according to which the municipalities, where at least 20 % of the total population belong to a certain community, should form a Committee on Relations among the Communities, comprised of an equal number of representatives of all communities living on their territories. This regulation is implemented at the local level by way of a Municipal Statute, which defines the manner of electing the members to the Community and defines the issues to be considered by the Committee. The Municipal Council is obliged to consider the Committees' proposals and make decisions in this regard. The committees contribute to improving interethnic relations and multiethnic democracy in the country. A total of 20 municipalities in the Republic of Macedonia have such legal obligation, and these are: Brvenica, Vranestica, Debar, Dolneni, Zelenikovo, Jegunovce, Kicevo, Krusevo, Kumanovo, Mavrovo-Rostuse, Petrovec, Sopiste, Struga, Tetovo, Caska, Cucer Sandevo, the City of Skopje, Butel, Cair and Suto Orizari. All these municipalities have formed Committees on Relations among Communities.

# ZELS PROMOTES THE HANDBOOK

## "PRACTICAL OPERATIONAL GUIDE FOR COMMITTEES FOR RELATIONS AMONG COMMUNITIES"



On 24 September 2009, in the Holiday Inn Hotel in Skopje, ZELS organized a Conference at which it launched the Handbook titled "Practical Operational Guide for Committees for Relations Among Communities". This publication, issued by ZELS, promotes the formation and functioning of the committees for relations among the communities, which constitute significant tools and mechanisms of developing multiculturalism, social dialogue and consensual democracy, bringing different ethnic interests closer together and reducing possible tensions in the local communities. The handbook also covers the procedures of forming the communities, recommendations on their work, and the establishing of mutual cooperation, and defines the cooperation they should have with the municipal councils, the mayor and all entities living in the municipality.

ZELS President Koce Trajanovski emphasized, in his speech at the Conference, that the committees constituted genuine movers of the democratic development and democratic relations in the country, indicators of the level of implementation of Ohrid Agreement and the establishment of coexistence among the citizens in the state, regardless of their ethnic belonging. He pointed out that the founded committees were a proof of the high level of awareness of the local authorities that only the decisions reached through consensus by all the members of the ethnic communities in the municipalities could be carried out without interruption. In his speech, he emphasized all the activities of ZELS to date, aimed at encouraging the municipalities to form such committees, the assistance extended to their direct formation, as well as the trainings conducted for the secretaries and chairpersons of the municipal councils on how they could stir the formation of the committees in the fastest and most efficient manner. One of the more important activities of ZELS in this area is the publication of this handbook, which, among other things, is aimed at facilitating the work of the members of these committees. In the end, ZELS President Trajanovski sent out a message to the mayors and the chairpersons of the councils not to hinder the activities of these committees, but encourage and assist them instead.

The President of the Committee on Relations Among the Communities, Parliament of the Republic of Macedonia, Xhevat Ademi, congratulated ZELS on the launch of the Handbook and encouraged successful implementation of ZELS' activities in this sphere. He stressed that the implementation of the legal regulations, not by way of fines and other measures, but as a result of common will, dialogue and confidence among the citizens, is the highest accomplishment of a society that presents itself as democratic and multiethnic. He praised ZELS' activities in its undisputed role in encouraging cooperation among the communities, pointing out that this was imposed as a practical need, and that it was done with the aim of meeting certain standards in line with the country's EU accession aspirations.

The representative of the Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), Ibrahim Mehmeti, pointed out that these events, at which ZELS presented the results of its activities, were an enormous justification of the confidence and support that SDC had been extending the Associations for many years. He stressed that SDC supported ZELS in a large number of its activities, placing the accent on the purchase of simultaneous translation equipment for 29 municipalities, which had ensured smoother communication among the ethnic communities and, at the same time, contributed to a more efficient functioning of the municipal councils.

# ЗАКЛУЧОЦИТЕ ЗА МОЖЕН ТРАНСФЕР НА ДРЖАВНОТО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РМ

# CONCLUSIONS ON THE POSSIBLE TRANSFER OF STATE-OWNED CONSTRUCTION LAND SUBMITTED TO THE RM GOVERNMENT

Државното градежно земјиште да премине во сопственост на општините, претставува долгогодишна иницијатива на ЗЕЛС, чиј приоритет е утврден и во систематизираните ставови на Асоцијацијата. Како резултат на постојаниот притисок што ЗЕЛС и го наметнуваше на Владата на РМ за разрешување на ова прашање, таа формира Работна група со задача да предложи алтернативи за можен трансфер на државното градежно земјиште од страна на централната на локалните власти. Работната група ја сочинуваа претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Државното правобранителство, Агенцијата за катастар и недвижности и претставници од ЗЕЛС меѓу кои градоначалниците: Марјан Ристески, градоначалник на Општина Прилеп, Рамиз Мерко,градоначалник на Општина Струга и Александар Петрески, градпоначалник на Општина Охрид. Работата на оваа Комисија беше поддржана од УСАИД-Проектот за локална самоуправа. По одржаните седум состаноци, Работната група своите ставови ги преточи во заклучоци, кои кон крајот на септември и ги достави на Владата на РМ.

Работната комисија предлага трансферот на државното градежно земјиште да се спроведе според принципот на „категоризација на градбите" кои се предвидени да се градат на државното градежно земјиште, со што општините би станале сопственици на државното градежно земјиште на кое се предвидуваат градби од трета, четврта и петта категорија, според Законот за градење. Овој трансфер членовите го именуваа како „делумен трансфе". Во државна сопственост остануваат градежните парцели на кои се предвидуваат градби од прва и втора категорија, според Законот за градежно земјиште. Работната група заклучи дека треба да се направат одредени измени кај втората категорија на градби, со што дел од нив, кои не претставуваат национален интерес, ќе поминат во општинска надлежност.

Принципот „се на едно место" ќе претставува една од основните придобивки кои се очекуваат да се реализираат со овој трансфер на државното градежно земјиште. Потенцијалните инвеститори и граѓаните, сите работи поврзани со административните процедури за процесот на планирање на градежното земјиште, стекнување на сопственост или закуп врз него и издавањето на одобрение за градба за градби од 3,4 и 5 категорија ќе можат да ги остварат кај локалните власти, а за градби од 1 и 2 категорија кај централните власти. Со ова ќе се востанови нова категорија градежно земјиште и тоа „општинско градежно земјиште" со што Република Македонија ќе се вброи во земјите каде најчесто постојат три категории на градежно земјиште и тоа:државно, општинско и приватно.

Основен критериум за да може да започне овој процес на пренос на градежното земјиште од државата на општините е создавање на база на податоци за државното градежно земјиште на кое се предвидуваат градби од 3,4 и 5 категорија. Овој процес ќе го водат: Министерството за транспорт и врски, општините и Агенцијата за катастар и недвижности., врз основа на важечките урбанистички планови и евиденцијата за запишување на правата на недвижности во катастарот на недвижности. Општините изразуваат подготвеност да помогнат на Агенцијата за катастар и недвижности за ажурирање на катастарските планови со важечките урбанистички планови кои ги усвојуваат општинските совети.

Со делумниот трансфер на градежното земјиште од државна во општинска сопственост ќе се трансферира најголем дел од неизградено градежно земјиште, бидејќи

The transfer of state-owned construction land into municipal property has been ZELS' initiative for many years, and this priority has been incorporated even in the systematized positions of the Association. As a result of the permanent pressure that ZELS has been imposing on the Government of the Republic of Macedonia (RM) to resolve this issue, the latter formed a Working Group tasked to propose alternatives of possible transfer of state-owned construction land from the central to the local governments. The Working Group was composed of representatives of the Ministry of Transport and Communications, Ministry of Local Self-Government, the State Ombudsman's Office, the Agency for Cadastre and Real Estate, and ZELS representatives, here including the mayors Marjan Risteski, Mayor of Prilep Municipality, Ramiz Merko, Mayor of Struga Municipality, and Aleksandar Petreski, Mayor of Ohrid Municipality. The work of this committee was supported by the USAID Project for Local Governance. After the seven meetings that this Working Group held, it put its positions on paper as conclusions and, towards the end of September, submitted them to the Government of RM.

The Working Group proposes that the transfer of state-owned construction land be conducted on the basis of the principle of "categorization of the constructions" that are planned to be built on the state-owned construction land, so that the municipalities would become the owners of state-owned construction land at which buildings of third, fourth and fifth categories are planned for building, in line with the Law on Construction. The members of the Working Group named this transfer as 'partial transfer.' The state-owned lots on which first- and second-category buildings are planned for construction, according to the Law on Construction Land, remain the property of the State. The Working Group concluded that certain amendments should be made to the second category of constructions, whereby some of them, which are not of national interest, will become municipal property.

The 'all in one place' principle will constitute one of the basic accomplishments that are expected to be realized by this transfer of state-owned construction land. The potential investors and the citizens will be able to finish all administrative procedures related to the process of planning of the construction land, obtaining ownership or lease status of that land and issuance of construction permits for third-, fourth- and fifth-category buildings, with the local authorities, while for constructions of the first and second categories, they will be able to do this with the central authorities. This will also establish a new category of construction land, 'municipal construction land', with which the Republic of Macedonia will become one of the countries where there are mostly three categories of construction land: state-owned, municipal and privately-owned.

The basic criterion for starting this process of transferring construction land from the state to the municipalities is the creation of a database of state-owned construction land planned to have buildings of third, fourth and fifth categories. This process will be run by the Ministry of Transport and Communications, the municipalities and the Agency for Cadastre and Real Estate, on the basis of the valid urban plans and the records of the real estate rights written in the Real Estate Cadastre. The municipalities express readiness to assist the Agency for Cadastre and Real Estate in updating the cadastre plans on the basis of the valid urban plans that the municipal councils adopt.

The partial transfer of construction land from state into municipal property will mean

речиси најголемиот број од објектите предвидени со урбанистичките планови се од 3,4 и 5 категорија. Со овој пренос на сопственоста на градежното земјиште општините ќе добијат силен инструмент кој ќе биде од корист при урбанизација и реализација на урбанистичките планови на населените места.

Работната група смета дека право на сопственост над градежното земјиште треба да се запише и на граджното земјиште врз кое се изградени објекти кои служат за извршување на јавни функции од страна на ЕЛС, согласно Законот за локална самоуправа. Градежното земјиште врз кое се изградени, основните училишта, детските градинки, средните училишта, домови на култура, библиотеки, домови на стари лица, противпожарни станици, општински згради, музеи и други објекти во кои се извршуваат општински надлежности. Тие треба да се запишат во општинска сопственост. Распределбата на веќе изграденото градежно земјиште, помеѓу скопските општини и Градот Скопје ќе се врши според надлежностите предвидени во Законот за Град Скопје. И кај целосниот трансфер, така и кај делумниот трансфер, постапката за издавање и продажба на општинското градежно земјиште би ја воделе општинските органи и општинската администрација, во согласност со позитивното законодавство. Во случај на избор на опцијата со делумен трансфер на државното градежно земјиште, како и кај потполниот трансфер ќе претстои поголема измена и дополна на позитивното законодавство поврзано со градежното земјиште. Особено измени треба да се направат во Законот за градежно земјиште, но и во Законот за локална самоуправа, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за државното правобранителство, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Законот за катастар на недвижности, Закон за градење, Закон за нотаријат и други закони и подзаконски акти.

transfer of the bulk of vacant construction land because most of the facilities envisaged by the urban plans on this land are of the third, fourth and fifth categories. With this transfer of ownership of the construction land, the municipalities will receive a powerful instrument that will be useful in the urbanization and realization of the urban plans of the populated areas.

The Working Group considers that the right to ownership of construction land with built facilities that are used for performance of public functions on the part of the local governance units, should also be transferred to the municipalities, in line with the Law on Local Self-Government. Thus, construction land on which the school buildings, kindergartens, high schools, cultural centres, libraries, homes for the elderly, fire-fighting stations, municipal buildings, museums and other facilities in which municipal competences are being performed are built, should be registered as municipal property. Distribution of non-vacant construction land among the Skopje municipalities and the city of Skopje will be carried out according to the competences envisaged by the Law on the City of Skopje. Both in case of total and in case of partial transfer, the procedure of leasing or selling municipal construction land would be conducted by the municipal authorities and the municipal administration, in line with the positive legislation. In case of choosing the option of partial transfer of the state-owned construction land, just as in the case of total transfer, there will be greater amendment and supplementing of the positive legislation related to construction land. Amendments should be made in particular to the Law on Construction Land, as well as to the Law on Local Self-Government, the Law on Ownership and Other Property Rights, the Law on State Ombudsman's Office, the Law on Privatization and Lease of State-owned Construction Land, as well as other laws and bylaws.

## ОДРЖАН СОСТАНОК НА КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ ЗЕЛС

На трети септември 2009 година, во просториите на ЗЕЛС, Комсијата за образование при ЗЕЛС го одржа првиот состанок на кој беа разгледувани повеќе проблеми од областа на образованието. Дарко Митевски, градоначалник на Општина Македонска Каменица, Управниот одбор на ЗЕЛС го избра за претседател на Комисијата, а членови се: градоначалникот на Општина Студеничани, Фати Исени; градоначалникот на Општина Македонски Брод, Милосим Војнески, градоначалникот на Општина Могила, Славко Велевски, градоначалникот на Општина Теарце, Исен Асани, градоначалникот на Општина Свети Николе, Роберт Ѓорѓиев и градоначалникот на Општина Бутел, Петре Латиновски.

-Како актуелно прашање, уште на почетокот на состанокот беше истакнат проблемот со доцнењето на согласностите од МОН за нови вработувања. Нагласено беше дека станува збор за наставен кадар за отворени нови паралелки кои веќе добиле одобрување од МОН, како и за наставници за новите предмети согласно програмата за деветолетката.Беше предложено да се побара од МОН да се забрза постапката за добивање на овие согласности и со самото добивање на согласнота, МОН автоматски да ги зголеми средствата за блок дотациите.

-Во однос на трансформацијата на работниот однос на поголем број наставници од училиштата, Комисијата укажа дека општините треба да започнат постапка за трансформација за наставниот и ненаставниот кадар во училиштата, кои имаат работен стаж над пет години, од определено на неопределено време, согласно законските норми.

-Беше нагласено дека голем број училишта се соочуваат со лоша инфраструктура на училишните објекти. И покрај укажувањата од ЗЕЛС повторно се појавува неадекватна распределба или поклопување на проекти за инфраструктурни зафати иницирани од самата општина и оние што се определени од МОН. Уште еднаш беше потенцирано дека е потребно неопходно учеството на претставници од ЗЕЛС во МОН, при утврдувањето на распределбата на средствата за капитални инвестиции. Присутните нагласија дека оваа година се префрлени помалку средства во блок дотациите. Се претпоставува дека тоа е дел од антикризните мерки на Владата, односно поради одложувањето на предвиденото зголемување на платите на администрацијата за септември оваа година, но беше предложено да се побара информација од МОН зошто се намалени блок дотациите.

- Комисијата го разгледа и дописот од Општина Струмица, која како и повеќе општини, се соочува со недостаток на средства за превоз за учениците. Градоначалникот на Општина Студеничани истакна дека конкретно во неговата општина, во која има повеќе планински села и каде нема редовни линии овој проблем е особено сериозен за функционирање на наставата бидејќи префрлените средства не се доволни. Беше укажано дека има и општини кои добиваат повеќе средства од потребните, што укажа дека е потребно ЗЕЛС и МОН заедно да ја разгледаат и ревидираат формулата за распределба на средства за превоз на учениците. Комисијата предложи и оваа година пред Комисијата за образование и пред Управниот одбор стручните служби од МОН да направат сумулација за примената на формулата за распределба на блок дотациите за следната 2010 година, со цел навремено да се реагира за потребните промени.

- Комисијата го разгледа и дописот на Општина Куманово. Државен ученички дом од оваа општина со одлука на Советот на општината Куманово уште пред две години е преименуван во општински училишен дом. Потоа е извршена и постапка за пререгистрација, но се уште не е реализиран став 2, од член 86 од Законот за ученички стандард, односно со Одлука на Влада не е пренесено правото на сопственост на објектот и имотот на ученичките домови. Беше укажано дека оваа појава е карактеристична за поголем број општини што имаат ученички домови, при што беше предложено, да се побара од МОН и од Владата овие постапки да се забрзаат, односно да се префрли сопственичкото право на општините, но без долгови, и при тоа МОН да обезбеди и префрли средства за нивно одржување и за плата на вработените. Членовите на Комисијата укажаа дека сериозноста на овој проблем се повеќе се зголемува, со оглед на зголемувањето на бројот на учениците во средното задолжително образование и законската обврска за обезбедување на нивно сместување и превоз. Овој проблем е веќе изразен во некои општини, меѓу кои и општина-

та Штип, каде бројот на сместувачкиот капацитет во овие домови е недоволен. Беше утврдено дека е потребно да се разговара со МОН за забрзување на постапка за прфрлање на сопственоста на Ученичките домови, а за недоволните сместувачки капацитети да се разговара и да се побараат итни алтернативни решенија, во смисла на сместување во дом семејство, зголемување на дотациите за обезбедување на превоз на овие ученици и слично, за кои МОН треба да предвиди и префрли дополнителни финансиски средства.

-По точката разно беа нагласени голем број проблеми кои се уште не се разрешени, а кои се дефинирани во систематизираните ставови на ЗЕЛС. Во однос на слабата комуникација со министерството, беше нагласена потеребата МОН да именува лице со кое општините ќе може директно да комуницираат за проблемите кои ги имаат и кое ќе им биде достапно. Неопходноста да се вработи најмалку по едно лице во училиштата кое ќе ја одржува комјутерската мрежа, за што МОН треба да обезбеди финансиски средства. Неопходност од средства за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и за систематски прегледи на вработените, за што се потребни сресва од МОН. Исто така беше нагласена потребата од префрлање на средства за отпремнини и смртни случаи на вработените во образованието, кои до влегувањето на општините во втора фаза од децентрализацијата ги надоместуваше Министерството за финансии и не беа предвидени во блок дотациите.

Префрлањето на земјиштето на кое се наоѓаат училишните згради, е исто така важно прашање за општините, а трошоците за огрев да се предвидуваат на секои три месеци, согласно промените на енергенсите на светската берза. Овие ставови Комисијата ќе ги достави на следната седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС на разгледување и на која ќе се побара раководството на ЗЕЛС да оствари директен контакт со министерот за образование со цел изнаоѓање итни и соодветни решенија.

# ZELS COMMITTEE ON EDUCATION DISCUSSES PROBLEMS IN THIS SPHERE

ZELS Committee on Education held its first meeting on 3 September 2009, in the ZELS Premises, at which it discussed a number of problems in the sphere of education. ZELS Managing Board had elected Darko Mitevski, Mayor of Makedonska Kamenica Municipality, as Chairman of the Committee, and Mayor of Studenicani Municipality Fati Iseni, Mayor of Makedonski Brod Municipality Milosim Vojneski, Mayor of Mogila Municipality Slavko Velevski, Mayor of Tearce Municipality Isen Asani, Mayor of Sveti Nikole Robert Gjorgjiev and Mayor of Butel Municipality Petre Latinovski, as its members. ZELS Managing Director Dusica Perisic attended part of the meeting.

At the start of the meeting, the participants highlighted the delay of the required consents for new employments on the part of the Ministry of Education and Science, as a burning issue. It was stressed that this was teaching staff for the newly opened classes that had already been approved by the Ministry, as well as teachers of subjects in the curricula of the newly-introduced nine-year primary education. It was proposed to seek from the Ministry to speed up the procedure of obtaining its consent and, along with sending its consent, automatically increase the bloc subsidies.

As regards transformation of the employment status of a large number of teachers in the schools, the Committee pointed out that the municipalities should start a procedure for transferring the teaching and non-teaching staff in the schools with more than five-years working experience from fixed to non-fixed term, in line with the legal regulations;

It was pointed out that a large number of schools were struggling with bad infrastructure of their facilities. Despite the fact that ZELS has been pointing out to this problem, there is still inadequate distribution or overlapping of infrastructure projects initiated by the municipalities and projects assigned by the Ministry of Education and Science, respectively. It was stressed once again that participation of ZELS representatives in the Ministry's procedure of distributing the capital investment funds was necessary. The participants stressed that less funds from the bloc subsidies had been transferred this year, supposedly as part of the Government's anti-crisis measures, i.e. because of the delay in the envisaged increase in the September 2009 salaries for the administration staff. Yet, it was proposed to seek information from the Ministry about the reason why the bloc subsidies had been reduced.

The Committee looked into the correspondence from Strumica Municipality, which, just as many other municipalities, is facing a lack of funds for the students' transport. The Mayor of Studenicani Municipality emphasized that, concretely in his municipality, which includes a number of mountain villages with no regular transport connections, this problem was seriously affecting tuition itself because the funds transferred were not sufficient. It was also pointed out that certain municipalities were receiving more funds than they really needed, which indicated a need for ZELS and the Ministry sit together and consider and revise the formula for distributing the funds for students' transport. The Committee proposed that, this year too, the Ministry's competent services should present a simulation of the implementation of the formula for distributing the bloc subsidies for the next year, 2010, before the Committee on Education and the Managing Board, in order to ensure there is enough time for reactions regarding the needed changes.

The Committee also looked into the letter from Kumanovo Municipality. A state-owned dormitory had been transformed into a municipal school dorm two days ago, by way of a decision reached by the Kumanovo Municipal Council, followed by a procedure for its re-registration. However, Para 2 of Article 86, Law on the Students' Standard, has not been implemented yet, i.e. the right to ownership of the facility and the property of the student dorms has not been transferred, pending a decision by the Government. It was emphasized that this problem was characteristic of quite a number of municipalities that had student dormitories, and it was proposed to seek from both the Ministry and the Government to accelerate these procedures, i.e. transfer the right of ownership onto the municipalities, but without any debts. In this, the Ministry should provide and transfer funds for their maintenance and for the employees' salaries. The members of the Committee pointed out that this problem was becoming more and more serious, considering the increase in the number of students in compulsory secondary education and the legal obligation to provide them with accommodation and transport. This problem has already come to the fore in some municipalities, including the municipality of Stip, where the accommodation capacity of its dormitories has become insufficient. It was established that it is necessary to discuss with the Ministry the possibility of speeding up the procedure for transferring the dorms' ownership and seek urgent alternative solutions to the insufficient accommodation capacities, such as accommodation in households, increase in the student transport subsidies etc., for which the Ministry should envisage and transfer additional finances.

Under the point 'Miscellaneous', the participants brought up a large number of problems that had not been resolved yet, but which had been identified in the ZELS's systematized positions. With regard to the poor communication with the Ministry, the need was stressed that the Ministry appoint a contact person with whom the municipalities would be able to communicate directly about the problems they have. They also stressed the necessity to employ at least one person in the each of the schools who will be maintaining their computer networks, for which the Ministry should provide finances. There is also a need for disinfectants, pesticides, rodent eradication means and systematic medical checks of the employees, which also require funds from the Ministry of Education and Science. Another issue discussed was the need for transferring funds for death compensation for the education employees, which had been covered by the Ministry of Finance until the municipalities entered the second stage of decentralization and had not been envisaged in the bloc subsidies. Transferring the land on which the school facilities are built is also an important issue for the municipalities, while heating expenditures are planned every three months, in line with the fluctuations of the fuel prices on the world market.

The Committee will present these positions to the ZELS Managing Board at its next session, for its consideration, and will demand that the ZELS management make direct contact with the Minister of Education with the aim of finding urgent and appropriate solutions.



# ЗЕЛС ФОРМИРА МРЕЖА НА ОДГОВОРНИ ЛИЦА ПРИ ЕЛС ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

ЗЕЛС, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) оформи Мрежата на одговорни лица при ЕЛС за управување со човечки ресурси, со цел ефикасно и ефективно извршување на обврските на овие лица, како и промовирање на позицијата управување со ЧР. Мрежата треба да обезбеди развивање на меѓусебна соработка на овие лица, размена на искуства и добри практики од работењето во оваа област и утврдување на потребите за нивното натамошно обучување и надградување во областа управување со човечки ресурси. Вкупниот број на членови на Мрежата досега изнесува 60, но таа е отворена за нејзино надополнување со сите новоименувани лица од општините одговорни за управување со човечки ресурси. Податоците за членовите на Мрежата можете да ги најдете на web страната на ЗЕЛС ( www..zels.org.mk)

Управувањето со човечки ресурси има големо влијание на развојот на сите останати специјализирани сектори, ако се има во предвид дека човечкиот капитал е клучната движечка сила на сите процеси и промени во организациите. Токму од тие причини ЗЕЛС, согласно својата стратегиска определба посветена на поддршката во развојот на општините и тргнувајќи од важноста на УЧР се вклучи во поддршката за развојот на оваа област и оформувањето на оваа Мрежа.

На 23 сепетмври 2009 година, во Скопје, ЗЕЛС организира конститутивен состанок на членовите на Мрежата. На состанокот тие потпишаа Меморандум за соработка со што се официјализираше работата на Мрежата со ЗЕЛС. Од членовите на мрежата, на доброволна основа беа избрани осум одговорни лица, односно по еден претставник од осумте плански регион, кои ќе ги поттикнуваат активностите на Мрежата. Исто така беше избран и претседател на Мрежата со мандат од 2 години, г-динот Малиша Станковиќ, од Град Скопје. На состанокот беше презентиран и извештајот од предходно организираните 4 регионални работилници, спроведени во јуни оваа година, а беа дефинирани и активностите за оваа година и планот за работа за следната. Со цел обезбедување на квалитетни работилници и обуки, проектот беше спроведен со експертска поддршка и помош од консултантот за ХРМ, Христина Лозаноска.

Развојот и градењето на човечките ресурси е многу значајно во развиените земји, а кај нас станува приоритет во напорите да се управува со промените и да се спроведат реформите потребни за исполнување на европските стандарди. Во Р.М. претставува новина пристапот на управувањето со човечките ресури, поради што треба да се развива со план и стратегија и утврдена визија за чекорите кои ќе се преземаат. Ефикасно управување со човечките ресурси се постигнува со употреба на современи техники и алатки, адаптирани методи и техники за лесна практична примена во областа на: редовна обука и усовршување на кадарот, следење и оценување на извршувањето на работните задачи, надминување на јазот помеѓу очекуваните и постигнатите резултати во работењето, организациска поставеност и систематизација на работни места, описи на работни места и друго. Овој пристап полека се приближува и до концептите на управување со човечките ресурси во јавниот сектор и општиснаката администрација.

# ZELS FORMS NETWORK OF HUMAN RESOURCES OFFICERS IN LOCAL GOVERNANCE UNITS

In cooperation with the Macedonain Centre for International Cooperation (MCIC), ZELS has formed a Network of Human Resource Officers in the local governance units, in order to ensure efficient and effective performance of the obligations of these officials and promote the position of human resource management. The Network should help develop mutual cooperation among these officers, exchange of experiences and good practices in their work, as well as define the needs for their futher training and upgrading in the human resource management sphere. The current number of members in the Network is 60, but it remains open for all newly-appointed officers in the municipalities who are in charge of human resource management. Data on the Network's members can be found on ZELS' website (www.zels.org.mk).

Human resource management has considerable influence on the development of all remaining specialized sectors, considering the fact that human capital is the key moving force of all the processes and changes in the organizations. Precisely due to these reasons, ZELS has joined in the support to the development of this domain and the formation of this Network, in line with its strategic determinaton to support development of the municipaliies, and considering the importance of HR managemnt.

On 23 Septemer 2009, ZELS organized a constitutive meeting of the Network members in Skopje, at which they signed a Memorandum of Understanding, thus making official the Network's cooperation with ZELS. Eight of the Network members – one from each of the eight plan regions – were elected, on a voluntary basis, to promote the activities of the Network. The members also elected Mr. Malisha Stankovic of the City of Skopje as President of the Network, with a two-year mandate. At the meeting, a report was presented on the previously organized four regional workshops, conducted in June this year, and the activities for this year were defined, as was the Workplan for the following year. In order to provide good-quality workshops and trainings, the Project was carried out with the expert support and assistance from HR Mangagement Consultant Hristina Lozanoska.

Development and building of human resources is very important in the developed countries, while here, it is becoming a priority in the efforts to manage changes and implement the reforms needed for meeting the European standards. In the Republic of Macedonia, the approach to human resource management is a novelty, due to which there should be a plan and strategy for its development, and a defined vision of the steps to be taken. An efficient human resource management is achieved through use of contemporary techniques and tools, adapted methods and techniques for easy practical implementation in the sphere of regular training and upgrading of staff, monitoring and evaluation of the performance of the job tasks, overcoming of the gap between the expected results of the work and those achieved, as well as organizational setup and systematization of the posts, job descriptions, etc. This approach is slowly coming closer to the concepts of human resource management in the public sector and municipal administration.

# ДАНОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ – ПРИХОД НА ОПШТИНАТА?



На 18 септември, 2009 година, во просториите на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС се одржа состанок на потпретседателите на ЗЕЛС: Изет Меџити и Зоран Дамјановски со делегација од Министертството за економија, предводена од министерот Фатмир Бесими.

Потпретседателите на ЗЕЛС го презентираа интересот на општините за усвојување на Законот за трговски дејности од мал обем, особено иницијативата на ЗЕЛС, данокот за вршење на дејност од мал обем да биде целосен приход на општината, идентично како што е решено со персоналниот данок на доход за вршење на занаетчиска дејност.

Министерот Бесими објасни дека Министерството за економија има интерес да се регулираат трговските дејности од мал обем и го поддржа барањето на ЗЕЛС, општините целосно да бидат надлежни за регистрација за овој вид дејности и данокот од вршењето на дејностите да биде целосно приход на општините. Министерот Бесими оцени дека на тој начин единиците на локалната самоуправа ќе имаат реален интерес да ја регулираат оваа област во стопанството.

Правното регулирање на висината на овој данок и начинот на кој тоа ќе биде уредено, ќе се утврди во консултации со Министерството за финансии на Република Македонија, кое треба да даде и конечна согласност за оваа одредба.

Министерот Бесими беше информиран дека ЗЕЛС веќе има подготвено софтверски програм – регистар со сите изготвени теркови на обрасци (акти) кои општините можат да ги употребуваат согласно законот. Притоа, се нагласи потребата овој софтверски програм со обрасците да биде прифатен како таков, без да се оди со пропишување нови обрасци со донесување на законот, при што од Мистерството информираа дека ќе можат да се користат обрасците кои веќе се изработени и се наоѓаат во софтверска апликација.

Имено со овој закон треба да се уредат условите и начинот на вршење на дејност од мал обем, односно сите оние дејности кои ги вршат физички лица во вид на занимање на определени места-локации во населени места, во движење и во стан, куќа или друг простор кој се користи како нивно живеалиште. Меѓу наведените дејности од мал обем се предвидени и трговијата на мало со овошје и зеленчук, бижутерија и галантерија, украси, грнчарски производи, сувенири, кои се продаваат на пазарите, потоа дејностите на улична продажба, како продажба на костени, конфекциониран сладолед, печени пченки, семки, кикирики и друго. Со овој предлог закон опфатени се и оџачарските услуги, чистење на станови, обувки, чување на деца, приватно давање на часови на ученици продажба на стари авто делови, стари учебници, списанија, книги

# TAX ON SMALL BUSINESSES – MUNICIPAL REVENUE?

On 18 September 2009, in the ZELS premises, ZELS presidency, composed of Vice-Presidents Izet Mexhiti and Zoran Damjanovski, held a meeting with a delegation of the Ministry of Economy, headed by Fatmir Besimi, Minister of Economy of the Republic of Macedonia.

ZELS Vice-Presidents Mexhiti and Damjanovski presented the municipalities' interest in having ZELS' initiative for allocating the tax on small businesses to the municipalities as exclusively their revenue endorsed when the Law on Small-scale Businesses will be adopted, just as has been decided in the case of personal income tax for handicraft businesses.

Minister Besimi explained that the Ministry of Economy was interested in having the small-scale commercial activities regulated and supported ZELS' demand that the municipalities should have full competence when it comes to the registration of this kind of activities, and that the tax for performing these activities should be exclusively the municipalities' revenue. Minister Besimi assessed that, in this way, the local governance units would be really interested in regulating this sphere of economy.

The legal regulation of the amount of this tax and the manner in which it will be regulated will be defined in consultation with the Ministry of Finance of the Republic of Macedonia, which should grant its final consent to this regulation.

Minister Besimi was informed that ZELS had already prepared a software programme – a registry with samples of forms (documents) which the municipalities can use in line with the law. In this, the need was stressed that this software programme should be accepted as it is, along with the forms, without prescribing new forms once the law is passed. The Ministry informed that it would be possible to use the forms that had already been prepared and included in the software application.

This law should regulate the conditions and the manner of performing small-scale businesses, i.e. all the activities performed by physical entities in the form of micro-business at certain places: locations in populated areas, on the move or in apartments, houses or other space that these entities use for living. The list of the above-mentioned small businesses also envisages small-scale trade with fruits and vegetables, accessories and leather accessories, decorations, clay products, souvenirs that are sold on the markets, street sales, as well as sale of chestnuts, confectionery ice-cream, roasted corns, pumpkin seeds, peanuts, etc. The draft law also covers chimney sweeping services, cleaning of apartments, shoes cleaning, baby-sitting, giving private lessons to students, sale of second-hand vehicle parts, old handbooks, magazines, books, etc. The proposed regulations make it possible to include put these activities into legal frameworks as well, and, what is the most important, a simpler procedure has been prescribed for the registration of these micro-businesses, which will be carried out in the municipalities. The persons who do these businesses will

и друго....Предложените одредби овозможуваат законско врамување и на овие дејности, а што е најважно пропишана е поедноставна постапка за регистрација на овие дејности од мал обем што ќе се врши во општините. Лицата кои се бават со овие дејности нема да бидат задолжени да водат сметководство, а плаќањето на данок ќе се врши на паушална основа, а средствата од овој данок треба да одат во општинските каси. При утврдувањето на овие предлози Комисијата за локален економски развој при ЗЕЛС, беше во контакт и со Здружението на пазарџиите, што значи дека реализацијата на законот ќе се одвива во интерес на сите страни, на лицата кои ја даваат дејност, на општината која ќе ја евидентира, засега неевидентираната „сива економија„ и државата, која иако нема директно да ги добива овие средства ќе има пореален приказ за бројката на невработеност и остварувањето на приходите во земјата.

На состанокот беа регледани и други области од заеднички интерес. Министерството ги прифати сите барања на ЗЕЛС околу Законот за минерални суровини, кој е во владина процедура и се очекува наскоро да се разгледува во Собранието на Република Македонија.

Како тема за идна соработка се наметна и туризмот и неговиот развој, област во која локалната самоуправа и Министерството за економија можат да ја зајакнат соработката. ЗЕЛС укажа дека со цел да им помогне на своите членки и во оваа сеуште нерегулирана област, има изготвено Правилник за патна сигнализација за туристичките места, кој може да му помогне и на министерството при изготвувањето на законската регулатива.

На состанокот, министерот Бесими ја искористи можноста да апелира до општините во Република Македонија да се погрижат за отворање бизнис центри. Министерството досега помогнало во отворање на девет такви центри, кои според министерот Бесими се одличен начин за комуникација со бизнис заедницата во секоја општина и за соработка која носи плодови за двете заинтересирани страни.

not be obliged to have accounting and the tax payment will be done on the basis of a flat rate. The funds collected from this tax should go to the municipal accounts. When it was defining these proposals, the Committee for Local Economic Development was also in contact with the Association of Green Market Workers, which means that the realization of the law will be carried out in the interest of all parties – the persons who perform the activity, the municipalities that will be registering the currently unregistered 'grey economy' and the state, which, although it will not be receiving these funds directly, will have a more realistic overview of the unemployment rate and the revenues in the country.

The participants in the meeting also discussed some other spheres of common interest. The Ministry accepted all the demands of ZELS concerning the Law on Mineral Raw Materials, which has entered the Government procedure and is expected to be read soon in the Parliament of the Republic of Macedonia.

Tourism and its development, a sphere in which local governance and the Ministry of Economy may intensify cooperation, imposed itself as a topic for future cooperation. ZELS pointed out that, in order to assist its members in this yet unregulated sphere, it had prepared a Rulebook on Road Signalization for the tourist destinations, which could help the Ministry in preparing the relevant legal regulations.

At the meeting, Minister Besimi took the opportunity to call on the municipalities in the Republic of Macedonia to make efforts to open business centres. To date, the Ministry has helped the opening of nine such centres, which, according to Minister Besimi, are an excellent tool for communication with the business community in every municipality and for cooperation that brings fruits to both interested parties.

## НОВИ ГРАНТОВИ ЗА ПОДДРШКА НА МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА

На 10 септември, 2009 година, во хотелот „Холидеј Ин" во Скопје, беше организирана средба на градоначалници и претседатели на општиниски совети, на која беше презентирана Програмата „Меѓуопштинска соработка за подобра испорака на услуги и пристап кон ЕУ" што ја реализира УНДП во партнерство со Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС, а во чии рамки на овој ден беше објавен и повикот за пријавување за грантови во областа на меѓуопштинската соработка. Меѓуопштинската соработка претставува важен инструмент за заштеда на средства на општините и добивањето на еднакви услуги на граѓаните од локалните заедници.

На оваа средба присуствуваше и претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, министерот за локална самоуправа, Муса Џафери и Ан-Мари Али , в.д. постојан претставник на УНДП во нашата земја. Претседателот Трајановски во својот говор истакна дека подршката што УНДП и ја дава на локалната власт е особено значајна, особено на полето на поттикнувањето на развојот на меѓуопштинската соработка, која во услови на едностепено локално самоуправување и нееднакви економски и административни капацитети на сите ЕЛС, претставува вистински благодет. - Сите граѓани треба да добиваат еднаков квалитет на услуги, па токму воспоставувањето на меѓуопштинската соработка го олеснува целокупниот процес за одредени општини, рече тој , при што им препорача на општините и натаму да ја развиваат меѓусебната соработка, бидејќи таа исто така претставува најдобар инструмент за заштеда на средства за двете или повеќето општини.

На присутните им се обрати и министерот Џафери, потенцирајќи дека Министерството за локална самоуправа ги подржува сите со закон утврдени форми на соработка на општините, кои истовремено обезбедуваат забрзан процес на децентрализацијата и обезбедуваат општините да бидат поуспешни во спроведувањето на своите надлежности и давањето на подеднакви услуги на своите граѓани. Можноста за развивање на меѓуопштинската соработка е утврдена во член 14 од Законот за локална самоуправа .

Задоволство, што УНДП може да помогнат на локалните власти во нашата земја, со цел нивно подобро функционирање и јакнење на општинската администрација, изрази Ан-Мари Али, в.д. постојан претставник на УНДП, во нашата земја. Таа истакна дека УНДП во изминатите три години реализираше повеќе проекти во областа на меѓуопштинската соработка и тоа во 12 општини, во различни сфери од функционирањето на локалната самоуправа. - Позитивните искуства, претставуваа потврда за продолжување со подршката, во чии рамки е и новообјавениот грант во вкупен износ од 100.000 евра, главно наменет за малите и рурални општини, но и на другите општини кои имаат специфични развојни потреби, рече Ан-Мари Али . Грантовите се утврдени за развивање на меѓуопштинска соработка во бластите: финансиски менаџмент и внатрешна ревизија, прибли-

рање на даноци, урбанистичко планирање, инспекција и економски развој. Времетраењето на еден проект во рамките на овој грант изнесува најмалку шест а најмногу 12 месеци. Општините може да поднесат пријави за грантови за проекти за МОС во висина од 10.000 до 20.000 евра. Износот на оние општини што ќе бидат избрани со евалуација, ќе им се префрлаат во три рати.

## NEW GRANTS FOR SUPPORT OF INTER-MUNICIPAL COOPERATION

On 10 September 2009, in the Holiday Inn Hotel in Skopje, the mayors and the chairpersons of the municipal councils held a meeting, at which the Programme for "Inter-municipal Cooperation for Better Service Provision and EU Accession" was presented. The Programme was conducted by UNDP, in partnership with the Ministry of Local Self-Government and ZELS. On this same occasion, a bid was announced for grants in the sphere of inter-municipal cooperation. Inter-municipal cooperation is an important instrument in saving municipal funds and providing equal services for the citizens in the local communities.

ZELS President Koce Trajanovski attended the meeting, along with Minister of Local Self-Government Musa Xhaferi and Ann-Marie Ali, Acting UNDP Resident Representative in the country. In his speech, President Trajanovski pointed out that the support that UNDP had been extending to local governance was of special importance, particularly in the sphere of promoting development of inter-municipal cooperation, which, in conditions of one-level local governance and unequal economic and administrative capacities of all the local governance units, was a real blessing. "All citizens should receive services of equal quality, and the establishment of inter-municipal cooperation facilitates this entire process for certain municipalities," he said, recommending to the municipalities to continue developing inter-municipal cooperation, as it was also the best instrument for saving funds for two or more municipalities.

Minister Xhaferi addressed the present too, stressing that the Ministry of Local Self-Government supported all legally established forms of cooperation among the municipalities, which at the same time ensured swifter process of decentralization and made sure that the municipalities had more success in the implementation of their competences and in extending equal services to their citizens. The possibility of developing inter-municipal cooperation has been regulated by Article 14 of the Law on Local Self-Government.

Ann-Marie Ali, Acting UNDP Resident Representative, expressed pleasure that UNDP could assist the local authorities in the country, in order to ensure their better functioning and strengthening of municipal administration. She stressed that UNDP had realized a number of projects in the sphere of inter-municipal cooperation in the past three years, in 12 municipalities, in various spheres of local governance functioning. Positive experiences justify the continuation of this support, within the frameworks of which is the newly-announced grant, totaling Euro 100,000, mainly allocated for small and rural municipalities, as well as for the other municipalities that have specific development needs. The grants are designed for developing inter-municipal cooperation in the areas of financial management and internal revision, tax collection, urban planning, inspection and economic development. The duration of one project as part of this grant ranges from the minimum of six months, up to the maximum of 12 months. The municipalities may submit their applications for inter-municipal cooperation projects to amount ranging from 10,000 to 20,000 Euros, which will be transferred, in three installments, to those municipalities that will be selected through a process of evaluation.

## ЕКСПЕРТСКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕТО НА МОДУЛОТ ЗА ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ, ВО ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА

Петата фаза од спроведување на ЛОГИН проектот, на централна позиција го помери воведувањето на Модулот за далечинско учење, што ќе биде интегриран на интернет страницата на ЗЕЛС-www.zels.org.mk, визуелно достапен. Модулот ќе се состои од две опции на лекции кои можаат да се препознаат визуелно и аудио во три клучни области. Тоа се: 1. Децентрализација во урбанизмот и градежништвото, 2. Децентрализација во образование и 3. Системот на локална самоуправа во Република Македонија. Автори на одделните поглавја, составни делови на електорнското учење се: Лефкија Гажоска, автор на пренесени надлежности на локално ниво во областа на образованието; Весна Јурак за децентрализација во урбанизмот и градежништвото и Ризван Сулејмани, експерт по локална самоуправа. Модулот на далечинско учење ќе биде достапен на два јазика – македонски и албански.

Најдиректен бенефит од воведувањето на електронското „учење на далечина" би имала компонентата „градење на капацитетите" на општините, при што во многу ставки би ги намалила трошоците, би се стремила кон стандардизирање на градивото за учење, би барала активно и истражувачко учество на корисниците и би ја отворила можноста експертизата по одредена проблематика да биде подостапна и пораспространета.

## EXPERT MATERIALS ON INTRODUCING THE DISTANCE LEARNING MODULE, PREPARATORY PHASE

The fifth phase of implementing the LOGIN Project has moved to the foreground the introduction of the Distance Learning Module, which will be integrated into and made visually available on the ZELS website, www.zels.org.mk. The Module will consist of two options with lesions that will be visually and audio-recognizable in three key areas. These are: 1. decentralization in urbanism and construction engineering; 2. decentralization in the educational sphere; and, 3. local governance system in the Republic of Macedonia. The authors of the separate chapters – components of the electronic learning – are Lefkija Gazhoska, author of the part on transferred competences at the local level in the sphere of education; Vesna Jurak, author of the chapter on decentralization in urbanism and construction engineering, and Rizvan Sulejmani, local governance expert. The Distance Learning Module will be available in two languages – Macedonian and Albanian.

The most direct benefit of introducing electronic "distance learning" will be that of the municipalities' "capacity building" component, which would reduce the expenditures in many regards, aim to standardize the studying material, seek active participation and research efforts from the users and open up the possibility for expertise in certain spheres to be more accessible and more transparent.

# РАЗГОВОРИ НА ЗЕЛС СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Во просториите на Владата на РМ, на 2 септември, 2009 година, се одржа деветтата седница на Комитетот за решавање на проблемите поврзани со состојбата со управување на отпад. На состаноците на Комитетот присуствуваат и претставници на ЗЕЛС.

Информациите и заклучоците кои произлегоа од последната седница се:

1.Се искажа незадоволство од начинот и динамиката со која општините во РМ постапуваат согласно Законот за јавна чистота. Иако ЗЕЛС излезе со податок дека вкупниот број на комунални редари во општините е зголемен во последните месеци и сега изнесува повеќе од 80 вработени комунални редари, претставниците на Владата искажаа незадоволство со оваа бројка. Очекувањата на Владата при носење на овој закон било, дека во првиот почетниот период имплементацијата да ја врши Министерството за внатрешни работи, а потоа таа целосно да премине во надлежност на локалната самоуправа. Сега пак заклучуваат дека и после една година нема видлив напредок и развој на оваа надлежност од страна на локалната самоуправа.

Директорот на Државниот комунален инспекторат изнесе резултати од инспекцијата направена во општините. Тој истакна незадоволство заради фактот што на закажаните средби, на кои се разговара за моменталната ситуација, многу ретко може да се сретне со градоначалниците и да им укаже на неправилностите и грешките во работењето на локалната самоуправа. Истакна и дека увидите на лице место покажуваат многу мал степен на исполнување на законските обврски ( Закон за јавна чистота) во општините, како што се: донесување на одлука за регулирање на јавната чистота, донесување на годишна програма за спроведување на јавна чистота, утврдување на надомест за одржување на јавната чистота, како и малиот број на вработени комунални редари.

По целата дискусија, Министерот за транспорт и врски предложи да се испита законската можност за казнување на општинските власти доколку не ги почитуваат одредбите на овој закон.

2.Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање излезе со неколку информации:

-До 10 септември на општините ќе им бидат испорачани контејнерите.

-Завршен е тендерот за набавка на 20000 канти за смет, а распределбата ќе се врши во координација со ЗЕЛС.

Министерството и ЗЕЛС ќе организираат средба, а извештај за средбата ќе испратат до Владата, најдоцна до 15 септември.

Министерството почнало да организира средби со осумте плански региони, а во врска со отварање на регионални депонии. Ќе продолжат со оваа активност и ќе повикуваат и претставник на ЗЕЛС на средбите во иднина.

3.Министерството за внатрешни работи, информираше за состојбата со казнети граѓани по овој закон и извести дека во просек се пишуваат по 90 пријави дневно. Од изготвените извештаи можеше да се види дека, по една година на владеење на овој закон, МВР напишало 32 897 казни, наплатило 1 793 од нив. 14 603 од прекршителите се изјасниле за општокорисна работа, а за 10 409 се поднесени барања за поведување на кривична постапка.

# ZELS DISCUSSES IMPLEMENTATION OF THE LAW ON PUIBLIC HYGIENE WITH THE CENTRAL GOVERNMENT

On 2 September 2009, the Committee in charge of resolving problems related to the waste disposal management held its 9th session in the Government's premises. ZELS sends its representatives to the meetings of this Committee. The information and conclusions that resulted from the above session are as follows:

Discontent was expressed with the manner and dynamics with which the municipalities in the Republic of Macedonia implement the Law on Public Hygiene. Although ZELS provided the data that the total number of communal wardens in the municipalities had increased in the previous months and now reached above 80 employed communal wardens, the representatives of the Government expressed dissatisfaction with this figure. The Government's expectations, when this law was adopted, were that, in the initial period, the implementation would be conducted by the Ministry of Interior and then the task should be fully transferred onto the local self-government. However, they had concluded that now, a year later, there was no visible progress or development of this competence, on the part of the local governance.

The Manager of the State Communal Inspectorate presented results from the inspection made in the municipalities. He expressed discontent because of the fact that, at the scheduled meetings held to discuss the existing situation, he could rarely meet the mayors and point out to them the irregularities and mistakes spotted in the work of local governance. He also emphasized that the on-the-spot inspections show a very low level of abidance by the legal obligations (Law on Public Hygiene) in the municipalities, with regard to the adoption of a decision on regulating pubic hygiene, the adoption of an annual programme for implementing public cleanliness, establishing of compensation for maintaining public hygiene, as well as the small number of hired communal wardens.

After the entire discussion, the Minister of Transport and Communications proposed to look into the legal possibilities for penalizing the municipal authorities if they do not respect the provisions of this law.

The Ministry of Environmental Protection and Spatial Planning presented several information:

Garbage containers will be delivered to the municipalities by 10 September 2009;

the tender for purchasing 20,000 garbage bins has been completed and the distribution will be conducted in coordination with ZELS;

The Ministry and ZELS will organize a meeting, and a report on the meeting will be sent to the Government by 15 September at the latest;

The Ministry has started organizing meetings with the eight plan regions, about the opening of regional waste disposal sites. It will continue this activity and will invite ZELS to send its representatives to the future meetings.

The Ministry of Interior informed about the situation regarding citizens fined on the basis of this law, and informed that, on the average, they were filing 90 reports per day. The reports show that, a year since the enforcement of this law, the Interior Ministry had written a total of 32,897 tickets, and charged fines for 1,793 of these. Also, 14,603 of the perpetrators had chosen to do community service, whereas for 10,409 of them, the Ministry had to request commencement of criminal proceedings.

## ЗЕЛС ИЗДАДЕ „ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА Б-ИСКЗ ДОЗВОЛИ“

Интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) е режим на издавање на еколошки дозволи на одредени видови индустриски активности ( металургија, енергетика, индустрија на минерали, хемиска индустрија и други) вклучувајќи и активности во доменот на интензивното земјоделство и управување со отпад. Целта на овој процес е преку интегрален пристап, поточно со една дозвола, целокупно да се опфатат и регулираат влијанијата врз животната средина, кои се резултат на индустриските активности. Во рамките на Уредбата за определување на активностите на инсталации за кои се издава дозвола за ИСКЗ, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ( СЛ.весник на РМбр.89/05)-УРЕДБА за ИСКЗ е предвидено дека во зависност од големината на инсталацијата е извршена градација на два вида дозволи. Предвидени се: интегрирана А-дозвола и „ интегрирна Б-дозвола , и тоа како за нови, така и за постојните инсталации .Надлежен орган за издавање на Б-дозволите е градоначалникот на општината на чиешто подрачје се наоѓа инстлацијата. Исклучок се инсталациите што се наоѓаат на заштитено подрачје. Постапката за издавање на дозволи ја спроведува општинската админситација или заедничка администрација формирана од две или повеќе општини.

За подобро снаоѓање на општините низ постапките и процедурите за издавање на Б-дозволите, ЗЕЛС ја издаде публикација,,, Практичен водич за издавање на Б - ИСКЗ дозволи“и тоа на два јазика: на македонски и на албански. ЗЕЛС одреден број на примероци од Прирачникот достави до сите општини, а истиот може да се најде и на web страната на ЗЕЛС ( www.zels.org.mk).

## ZELS PUBLISHES “PRACTICAL GUIDE FOR ISSUING B-INTEGRATED POLLUTION PREVENTION AND CONTROL PERMITS”

Integrated pollution prevention and control (IPPC) is a regime of issuing ecological permits to certain types of industrial activities (metallurgy, energy, mining, chemical industry, etc.), also including activities in the sphere of intense agriculture and waste management. The goal of this process is to comprehensively cover and regulate the influences on the environment that are a result of the industrial activities, through integrated approach, or more precisely, by way of one permit. The Regulation on defining the activities of the industrial plants that require IPPC permits, i.e. permits for harmonization with the operational plan and a timetable for submitting applications for harmonization with the operational plan (Official Gazette of the Republic of Macedonia, no. 89/05), i.e. Regulation on IPPC, envisages that, depending on the plant's size, a gradation is made into two types of permits – an A-integrated permit and B-integrated permit – both for new and for the already existing plants. The competent authority for issuance of the B-integrated permits is the mayor of the municipality on the territory of which the plant is located. The plants located in a protected area are an exception. The procedure of issuing permits is conducted by the municipal administration or a joint administration formed by two or more municipalities.

In order to provide better implementation of the procedures for issuing B-integrated permits on the part of the municipalities, ZELS has published a “Practical Guide for Issuing B-integrated Pollution Prevention and Control Permits,” in two languages – Macedonian and Albanian. ZELS has disseminated a certain number of copies of the Handbook to all the municipalities, while the same can also be found on ZELS website, www.zels.org.mk.


## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| 1/1 втора и последна колор страница | 450 евра |
| 1/1 претпоследна колор страница | 400 евра |
| 1/2 внатрешна колор страница | 220 евра |
| 1/4 внатрешна колор страница | 120 евра |
| 1/1 внатрешна црна-бела страница | 300 евра |
| 1/2 внатрешна црна-бела страница | 160 евра |
| 1/4 внатрешна црна-бела страница | 90 евра |
| 1/1 колор страница | 400 евра |
| 2 колор страници | 700 евра |
| Лого на насловна страница во височина од 5 центиметри најдолу на насловната страница | 500 евра |

Попусти:

| | |
|---|---|
| за договор од 3 месеци | - 10% |
| за договор од 8 месеци | - еден месец гратис објава на реклама |
| за договор од 10 месеци | - два месеци гратис |
| за договор од 12 месеци | - два месеци гратис и 5% дополнителен попуст |

**За плаќање во готово дополнителни 5% попуст.**

## ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 6б, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

## ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
st. Zhenevska p.box, F.P. 32, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk




Сите удобности во животот се незамисливи без електричната енергија.
EVN Македонија се грижи електричната енергија да ја дистрибуира навремено и квалитетно до вашите домови и компании, овозможувајќи ви побогат и попријатен живот.
0890 12345 info@evn.com.mk

EVN macedonia